Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

Извадок на ден дневните настани 18.12.2021

На 17.12.2021 во 11.00 часот во Прилеп, полициски службеници од ОВР Прилеп го лишиле од слобода М.Г.(33) од Прилеп. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени бела прашкаста материја, бела грутчеста материја, таблети и други предмети од кривично дело. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 17.12.2021 во 14.00 часот во Куманово, полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода С.М.(31) од Куманово. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени повеќе пакувања со околу 500 парчиња пиротехнички средства – петарди. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 17.12.2021 во 21.50 часот на бул.„Јане Сандански" во Скопје, полициски службеници од СВР Скопје лишиле од слобода двајца малолетници, затоа што кај них била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 17.12.2021 во 21.30 часот на ул. „Рафаел Батино" во Скопје, полициски службеници од СВР Скопје лишиле од слобода малолетник, затоа што кај него била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 17.12.2021 во 14.40 часот на ул.„Анастас Митрев" во Скопје, полициски службеници од Одделот за криминалистичка полиција, Сектор за недозволена трговија со дрога, оружје и опасни материи во Скопје, Единица за недозволена трговија со дрога и оружје го лишиле од слобода Т.М.(57) од Скопје. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени марихуана и повеќе парчиња муниција од различен калибар. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе бидат поднесени пријави по член 215 и член 396 од Кривичниот законик.

На 17.12.2021 во 11.20 част во СВР Тетово било пријавено дека на локалниот пат с.Прељубиште-с.Туденце, тетовско, се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „мицубиши", со тетовски регистарски ознаки, управувано од Б.А.(45) од с.Копанце и патничко возило „фолксваген поло", со тетовски регистарски ознаки, управувано од Б.М.(53) од с.Туденце. Во несреќата се тешко телесни повреди се здобил возачот Б.М., констатирани во Клиничка болница Тетово. Увид на местото извршила екипа на СВР Тетово.

На 17.12.2021 во периодот од 15.00 до 19.00 часот полициски службеници од СВР Битола на подрачјето на ОВР Македонски Брод спроведоа акциска контрола во областа на сообраќајот, при што се констатирани 16 прекршоци. Притоа, осум возачи биле санкционирани за управување возило под дејство на алкохол и еднаш се исклучени од сообраќај, три мерки се изречени за помината важност на возачката дозвола, а две за измината важност на сообраќајната дозвола, една за возење без возачка дозвола, една за нерегистрирано возило повеќе од шест месеци, поради што е одземено.

На 17.12.2021 во 17.32 часот во СВР Битола било пријавено дека на крстосница од ул. „Васко Карагалески", ул.„13 Јули" и ул.„Младински бригади" во Битола, патничко возило „фолксваген голф", со битолски регистарски ознаки, управувано од Г.М.(56) од Битола, удрило во пешачкот К.Т.(38) од Битола. Во несреќата пешачкот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Општа болница Битола. Увид на местото извршила екипа на СВР Битола.

На 17.12.2021 во 22.55 часот во Виница, полициски службеници од Полициската станица Виница ги лишиле од слобода Д.Д.(26), Ф.Д.(24), К.С.(21), С.Ѓ.(20) од Виница и П.Ѓ.(21) од Кочани. При претрес во домот на Д.Д. и Ф.Д., извршен со судска наредба, каде биле затекнати и К.С., С.Ѓ. и П.Ѓ., биле пронајдени и одземени марихуана и стока од растението канабис. Тие биле приведени во полициска станица и по целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 17.12.2021 во 13.50 часот во СВР Охрид било пријавено дека на регионалниот пат Охрид-Св.Наум, кај населбата Рача, патничко возило „сузуки", со охридски регистарски ознаки, управувано од Е.Р.(18). од Охрид, изгубило контрола и удрило во столб. Во несреќата со тешки телесни повреди здобила сопатничката Т.Н.(18), додека возачот и друг сопатник О.С.(18) од Охрид се здобиле со телесни повреди, констатирани во болницата „Св. Еразмо" во Охрид. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Охрид.

На 17.12.2021 во 14.00 часот во Полициската станица Гази Баба, Б.В.(32) од с.Стајковци, скопско, пријавил дека на ул.„Перо Наков" била каснат од куче скитник.

На 17.12.2021 во 16.50 часот во Полициската станица Драчево, Г.С.(80) од Скопје пријавила дека на ул.„Иван Хаџиниколов" била касната од куче скитник.

Во текот на изминатото деноноќие (17.12/18.12.2021) на територијата на Република Северна Македонија, за мерката за носење лична заштита на лице, регистрирани се 12 прекршоци.

На 17.12.2021 во 17.10 часот во СВР Тетово, С.Ј.(37) од Тетово пријавила дека на ул. „Железничка" била касната од куче скитник.

На 17.12.2021 во периодот од 15.00 до 20.00 часот на подрачјето на СВР Охрид полициските службеници санкционирале 40 возачи кои извршиле престапување на забраните и непрегледни места (Охрид-19, Струга-10, Кичево-03, Дебар-08) и 10 возачи кои на подрачјето на Охрид, во и надвор од населено место, управувале возила со поголема брзина од дозволената.

На 17/18.12.2021, во периодот од 22.00 до 03.00 часот, Мобилната единица за безбедност на сообраќајот на патиштата спроведе зајакната акциска контрола на подрачјето на општините Илинден и Петровец за санкционирање на возачи што управуваат возило под дејство на алкохол, при што санкционирани се 18 возачи. Сите возачи-прекршители веднаш се исклучени од сообраќај, изготвени им се законски предвидените поднесоци. За време на контролата биле констатирани и санкционирани и 19 останати прекршоци.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Н.С.(30) и Ф.М.(32), двајцата од Тетово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". На 30.12.2020, полициски службеници извршиле контрола на патничко возило „фолксваген голф", управувано од Ф.М., каде совозач бил Н.С., при што бил пронајден и одземен кокаин.

На 18.12.2021 околу 02.45 часот на клучка за с.Кадино, во с.Дрма, скопско, полициски службеници од Полициската станица Гази Баба го лишиле од слобода Д.С.(23) од с.Идризово, скопско, затоа што физички нападнал полициски службеници кои извршувале службени дејствија. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 17.12.2021 околу 22.50 часот на патот од с.Шишево кон с.Грчец, скопско, полициски службеници од СВР Скопје го пронашле возилото „хјундаи", со скопски регистарски ознаки, сопственост на Јавно претпријатие „Државни патишта" – Скопје, за кое на 15.12.2021 во 16.10 часот Б.Т.(56) пријава дека било одземено на ул.„Горче Петров". Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

ОВР Кочани поднесе кривична пријава против С.И.(44) од Кочани, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". На 13.12.2020, полициски службеници кај С.И. пронашле и одзеле хероин.

На 17.12.2021 во 12.00 часот во Полициската станица Кочани било пријавено дека во болницата во Кочани со тешки телесни повреди бил донесен С.П.(54) од Пробиштип. Според пријавеното, тој се здобил со повредите при извршување градежни работи на патот во изградба Кочани-Штип. Увид на местото извршила екипа од Полициската станица Кочани и трудов инспектор. Се работи на расчистување на случајот.

На 17.12.2021 во 23.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„Палмиро Тољати" во Скопје бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу С.Б. (41), А.Ј.(26) и двајца малолетници,сите од Скопје, од една страна и Б.У.(24) и еден малолетник, двајцата од Скопје, од друга страна. Сочинети се записници за констатиран прекршок од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.

СВР Штип поднесе кривична пријава против И.К.(54) од Штип, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". На 20.11.2021, полициски службеници извршиле претрес во домот на И.К. и во неговото возило, при што бил пронајден и одземен амфетамин.

На 17.12.2021 во 19.00 часот во ОВР Прилеп, М.Д.(49) од с.Галичани, прилепско, пријавил дека околу 18.40 часот во угостителски објект во Прилеп бил физички нападнат од А.С., К.К. и четири други лица. Се работи на расчистување на случајот.

На 18.12.2021 околу 01.15 часот во Полициската станица Виница било пријавено дека во угостителски објект на ул.„Маршал Тито" во Виница бил нарушен јавниот ред и мир со физички напад од еден вработен врз Д.З., поради претходно недоразбирање. Се работи на расчистување на случајот.

ОВР Гостивар поднесе кривична пријава против Џ.Х.(41) од Гостивар, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здрасвените прописи за време на епидемија". На 25.05.2021 во 01.00 часот пријавената била затекната од полициски скужбеници како се движи со своето возило за време на забрана за движење на граѓаните на целата територија на државата.

На 17.12.2021 во 23.30 часот во СВР Скопје, М.М.(37) од Скопје пријавила дека во 22.30 часот на бул.„АСНОМ" била физички нападната од И.К. од Скопје. Се работи на расчистување на случајот.

На 17.12.2021 во 19.45 часот во СВР Тетово, А.Џ.(54) од Тетово пријавил дека на 16.12.2021 на ул.„Маршал Тито" бил физички нападнат од Ф.Ш. од Тетово и уште две лица кои ги познавал. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 18.12.2021 во 02.00 часот во СВР Скопје, М.Н.(34) од Скопје пријавил дека на 17.12.2021 во 22.00 часот на бул.„Јане Сандански" бил физички нападнат од едно лице - таксиот возач, поради недоразбирање околу цената на превозот. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

ОВР Гостивар поднесе кривична пријава против С.Д.(21), поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здрасвените прописи за време на епидемија". На 27.04.2021 во 23.30 часот пријавениот бил затекнат од полициски службеници како се движи за време на забрана за движење на граѓаните на целата територија на државата.

На 18.12.2021 околу 01.35 часот во Полициската станица Кратово било пријавено дека во угостителски објект на ул.„Јосиф Дасклов" во Кратово бил нарушен јавниот ред и мир со физички напад од Љ.П.(34) од Кратово врз К.Ј. од Кратово. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 17.12.2021 во 18.30 часот во СВР Скопје, И.М.(32) од Скопје пријавил дека во 17.30 часот на крстосница од ул.„Никола Тесла" и ул.„Орце Николов" бил физички нападнат од две лица, поради недоразбирање во сообраќајот. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

ОВР Радовиш поднесе кривична пријава против К.Е.(54), поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „посебни случаи на фалсификување исправа" и „фалсификување или уништување на деловни книги". Во текот на 2021 година во Радовиш, К.Е. на лице од Радовиш издал ПЦР тест дека е негативен на Ковид-19, притоа давајќи му во прилог на тестот и фактура со фискална сметка за извршена наплата од 5.500 денари и за тоа дека тестот претставува оригинален документ издаден од овластена клиника. Подоцна, од клиниката било потврдено дека документацијата е лажна.

На 17.12.2021 во 18.50 часот во СВР Скопје, од згрижувачко семејство било пријавено дека од нивниот дом се одделечил М.А.Ј.(12). Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против лицето И.С.(33) од Куманово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". При претрес во викенд куќа во населба Лагадин, каде престојувал пријавениот, полициски службеници пронашле и одзеле марихуана.

На 17.12.2021 во 14.45 часот во СВР Велес, Б.С.(24) од Велес пријавил дека во подрумот од зградата во која живее бил каснат од куче скитник.